Бр./Nr 12-2575/1
27-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-тата седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3123/1 од 01.12.2025 година, со наводи за неоснована дисквалификација од курс на Регионалната занаетчиска комора – /// и изразено сомневање за злоупотреба на донирани средства за организација на курсот, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-3123/1 од 01.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 01.12.2025 година, поднесена е пријава со наводи за неоснована дисквалификација од курс на Регионалната занаетчиска комора – /// и изразено сомневање за злоупотреба на донирани средства за организација на курсот и оформен е предмет број 12-3123/1 од 01.12.2025 година.

Во пријавата подносителот, без да изнесе наводи за корупртивни дејствија и без да укаже на конкретни настани поврзани со корупција, пријавува дисквалификација од учество на обука за /// којашто наводно била организирана од Регионалната занаетчиска комора – ///, а финансирана од

Амбасадата на ///. Подносителот во пријавата наведува дека за причините за дисквалификација нема добиено никакво образложение, и укажува на недолично однесување на претседателот на Регионалната занаетчиска комора – ///, истовремено укажувајќи на недостаток од работни простории и недостаток од материјали за вежбање во текот на времетраењето на курсот, поради што се сомнева дека средствата финансирани од Амбасадата на /// биле злоупотребени.
Во пријавата не се содржани податоци што упатуваат на тоа дека подносителот е регистриран занаетчија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не претставуваат дејствија на корупција согласно дефиницијата за корупција од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Истовремено, во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност за кои ДКСК има надлежност да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК